АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-586/2
02.05 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 1601
Рок на чување
02.05 2018 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК ОД ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

23.04.2018 ГОДИНА 17:00 ч.

На состанокот одржан на ден 23.04.2018 година присутни се сите членови на изборната комисија.

Исто така присутни се и проф д-р Соња Апостолска кандидат за претседател на СКМ, д-р Горан Мишевски , овластен претставник на кандидат проф д-р Владимир Поповски и адвокат Смиљана Вујиќ овластен претставник на кандидат д-р Маријан Денковски.

Претседателот на ЦИК ја отвори седницата со воведен збор зашто оваа седница е јавна. Исто така ЦИК констатира дека освен предлози за претседател на СКМ од страна на регионалните одбори, никој нема доставено подршка од страна на 20 делегати од Собранието на СКМ. Кандидатите за претседател на СКМ се конечни.

Дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Јавен увид на поднесени кандидатури од страна на РО
2. Разгледување на пристигнати приговори
3. Разно

Пецаков ги изнесува на увид подршките за кандидатите од страна на ро.

Присутните надворешни членови направија увид во поднесените предлози за кандидатури.

Пристигнатите приговори се одбиваат како ненавремени затоа што конечните резултати се обкјавени 2 април, а сега е 23 април и поминат е долг период од носењето на конечна одлука, во истиот ден објавена е и делегатската листа.

Врз основа на правилникот за избори член 15 став 2 При предлагањето изборот на членови на органите на Комората треба да се имаат предвид личните квалитети на поединецот, соодветната застапеност на сите стоматолошки професионални профили, регионалната, половата и етничката застапеност на членовите на Комората, при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија.

И врз основа на тоа албанците како втор етникум во РМ имаат загарантирани места по устав. Онаму каде што се присутни одлуките на ЦИК истите не се поразлични од сите 4 циклуси во СКМ вклучувајќи го и овој.

Во прилог на овој одговор ќе бидат доставени изјави од новоизбраните одбори дека заради запазување на регионална и национална застапеност како предлози во РО за делегати во собранието на скм се тие и тие....

Цик дозволува службите да ги испратат програмите на кандидатите за претседател на СКМ на РО Битола и секој што ќе ги побара.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Д-Р КИРИЛ ПЕЦАКОВ